Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 82/0306
19.04 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 05 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот со наслов „Секој четврти Германец е мигрант или потомок на мигранти“ не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 5 март 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства Скопски „Квир Центар“ поднесе жалба за текстот со наслов „**Секој четврти Германец е мигрант или потомок на мигранти**“, објавен на порталот Кајгана.мк на 3 март 2023 година и на Фејсбук страницата на Кајгана, исто така на 3 Март 2023 година. Жалителот го навел линкот до Фејсбук објавата и пдф документ со објавата од порталот, при што и за двете објави се жали дека биле нарушени членови од Кодексот на ЗНМ по основите 2, 4 и 10, односно говор на омраза, дискриминација и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата меѓу другото се истакнува:
„По однос на медиумот забележавме дека насловот на текстот: „Секој четврт Германец е мигрант или потомок на мигранти“ е со говор на омраза кој може да се класифицира за нарушување на верски принципи признаени од ЕСЧП и секуларизмот, со ширење на верска омраза. Медиумот постира една фотографија: Обично семејство и жени со марама на главите. Моќта произлегува од сликите во медиумите, а во овој контекст, Интернет медиумот, мигрантите ги користи како натурализираните Германци, кои, често се означуваат со нивното етничко потекло и се поврзуваат со криминал со дроги или нелегална миграција и слично…Коментарите од читателите по однос на статијата се со фашистички презнак. Тоа упатува на крвава одмазда преку разгорување на емоциите и огорченост за насилство…“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со редакцијата на порталот Кајгана и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главниот уредник на порталот испрати одговор во кој жалбата и аргументите на жалителот се отфрлаат, со аргумент дека целиот текст се заснова „исклучиво статистички податоци. Во текстот воопшто нема никакво лично мислење или став на авторот на текстот, а од тука не може да има ни елементи на говор на омраза, дискриминација или пристрасност“.

Во одговорот главниот уредник се осврнува и на коментарите на објавата на текстот на Фејсбук сметката на порталот, при што наведува дека тоа било „надвор од етиката од текст објавен во медиум“.

„Во секој објавен текст на планетава од секој медиум на Фејсбук се сретнуваат спротивставени мислења и секогаш некој може да се почувствува навреден од коментар на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

друг Фејсбук корисник. Затоа постојат алатки на Фејсбук како report post, каде што Фејсбук корисниците може да пријават коментар од други Фејсбук корисници кои ги прекршуваат правилата за коментирање на оваа друштвена мрежа“, се наведува во аргументацијата на „Кајгана“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија. Но, во исто време, Комисијата утврди дека има прекршување на член 20 од Насоките за критичко известување на онлајн медиумите во Северна Македонија

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 5 март 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата не утврди прекршување на членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој „новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…).“

Комисијата процени дека содржината на објавата/веста е составена практично само од статистички показатели, изразени и во насловот (агенциска вест) и со тоа заклучи дека нема основа дека со објавениот текст биле прекршени членови од Кодексот кои се однесуваат на говорот на омраза или дискриминација, а конкретно тоа е сеопфатно обработено во членот 10 од Кодексот. Мислењето на Комисијата се однесува во целост на содржината, значи и текстот и фотографијата, за која беше посебно расправано дали е во согласност со етичките стандарди. Иако фотографијата не е потпишана, самата содржина на фотографијата (маж и две женски лица со марами), која би можела да биде насочувачка и да поттикне дискриминација или стигматизирање, во контекст на содржината на текстот може да се смета како неутрална по тоа прашање и како илустрација на веста. Поткрепата на ова мислење беше утврдено дополнително со примери од онлајн медиуми и од земјава и од Германија кои пишувале на истата тема, при што исто така биле илустрирани со неутрални фотографии од мигранти на улица. Комисијата процени дека носењето шамија, може, но не мора да значи дека се посочува на религиските или етничките карактеристики поврзани со поимот мигранти и миграција. Се зависи од контекстот на целата содржина, а Комисијата утврди дека

содржината на текстот не е спорна, па од таму заклучи дека и фотографијата, како ни насловот, не се спорни.

Комисијата согласно Статутот и Деловникот за работа не утврдува повреди од етичка природа на социјалните мрежи. Сепак, поаѓајќи од фактот дека Комисијата се води и од Насоките за известување на онлајн медиумите на СЕММ, едногласно заклучи дека „Кајгана“ не се придржувала до член 20.3 во Дополнителните насоки, со кој се советува како да постапуваат медиумите со коментарите на читателите и каде се наведува:

**Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.**

Бидејќи во членот 20.2 од истата Глава II на Насоките (Дополнителни Насоки...) се наведува дека **Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него,** Комисијата заклучи дека Кајгана не се придржувала до Насоките и не го применила членот 20 во деловите 20.2 и 20.3

Почитувањето на овој член од Насоките е важно затоа што тоа негрижата за коментарите може да доведе до ширење на говорот на омраза, дискриминација, стигматизиција и други негативни појави во општеството во однос на поединци или малцински групи и ранливи групи, во случајов со мигрантите генерално, а со тоа да создаде и негативно мислење и конфликтни состојби кои директно би влијаеле врз почитување на човековите права во општеството.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски — Претседател на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595